# НИКОЛОВ

(1981)

**ДИМЧЕ НИКОЛОВ**
**DIMČE NIKOLOV**
графики, цртежи — prints, drawings

Ликовните движења во овој век кои ја доведоа современата уметност до крајности, а човекот и амбиентот ги притиснаа и сведоа на строги хоризонтали и вертикали, ја условија појавата на духовни и идејни конфронтации и наметнаа една нова естетика на „сликата". Димче Николов е еден од неколкутемина талентирани македонски графичари кој не само со својот сензибилитет, туку и со студиозното проникнување во суштината на појавната стварност, ги сфатил новите критериуми и димензии наметнати од изменетите закони за вреднувањето на уметничкото дело.

Прекинатата духовна и органска хармонија на човекот, природата и науката во графиките на Николов се воспоставува во нови корелации. Ликовниот израз на Николов несомнено ја има својата потка во идејните шеми на неговиот професор на Академијата во Љубљана — Богдан Борчин. Но, ликовната модулација, со која тој ја соопштува својата идејна порака не се појавува како слепо подражавање на примерот, туку како инспиративен поттик, како момент на насочување и канализирање на мислата во нејзиниот натамошен, самостоен, акционен процес. Студиозноста, дисциплината, трпеливото истражување, долготрајните подготовки — особини што доаѓаат до израз уште за време на неговото школување во Скопје, потенцирани и поддржани на љубљанската Академија од професорот Борчич, се подредуваат на финалниот ликовен резултат, на дефинитивната формулација на графичкиот лист. Според тоа, презентираните цртежи претставуваат само педантен графички предлог, со севкупниот компликуван спектар на суптилни валери, кои на графиките добиваат посилни естетски резултати. Во колкава мера Николов работи со полна концентрација на претходните студии во прецизното дефинирање на апстрактниот „космички пејзаж" — се гледа, всушност, на презентираните цртежи.

Иако ги имаат сите особини на финално дело, тие во суштина претставуваат претходница на отпечаток, врз кој целосно е постигнат ефектот на ретрусажот (едно од поретко користените изразни средства во графиката), каде што минуциозната насока на линијата ја следи финалната трага на авторовите мисли.

Идејната суштина на цртежот е нагласена со потенцирањето на неговата чистота и изворност, со фините смекнувања и тонирања на акватинтата, па на тој начин и со иницирање на неговиот примат над другите структурални ефекти, што е заправо ретко во таква репродуктивна ликовна дисциплина каква што е графиката.

Долготрајните и постапни студии на можностите што ги дава комбинираната техника на бакрописот и акватинтата доведуваат до интересни иновации во обликовниот процес и уметничката визија на сложениот таинствен тек на мисловно-психичките релации, материјализирани во чистата концепција на графичкиот лист.

Јасната транскрипција на идејата во стилизираните, симболични предели, со извонредно богати и топли интонации и претопувања е резултат од зналечко владеење на графичката техника, која му служи како средство за интензивно креирање и пробивање во суштината на појавите и нивните промени. Чисто технолошката перфекција во графичкото изведување тука не значи втопување во техницистичка импровизација, во спекулација на барање на допадливото, кое во крајна инстанца води кон дехуманизирање и заблуда.

Така, таа (технологија на работата) станува сама по себе вредност, која Николов, свесен за тоа, ја потиснува на втор план. Тоа што се случува во концептуалната уметност, во комплексот на препознатливите и мерливите елементи, кај Николов добива визуелно-естетска функција на тонско претопување на рационалниот, аналитички просторен систем и емоционалниот говор, во чија синтеза се одвива формирањето на завршна креативна постапка. Николов, уште еднаш во свеста, во идејната скица, ќе ги елиминира препознатливите, студени математичко-технички структури, синтетизирајќи ги во поетска симболика на геометриски шеми и меки форми. Разиграната знаковна линеарност што асоцира на стилизирани летризми ја наметнува потребата од смирување на композиционите структури со воведување длабоки, сочни и содржајни партии на црното кои во последните графики добиваат релјефна структура. Ситните детали, присутни во формата на тонската градација, го поврзуваат емотивниот и логичниот комплекс на авторовиот процес на размислување (рационалното организирање на знаковниот систем е усогласено и со другите извори на сензации) со лирското доживување. Суштинската врска со пејзажот е соопштена со аналитичко-симболичен јазик, со обликување и прекомпонирање на редуцираниот инвентар на просторот, сведувајќи се на систем на крајна оголеност. Во оваа финална постапка на прочистување, Николов го елиминира препознатливото, сведувајќи го мотивот на знаковни вредности, кои стануваат сами по себе нови и единствени мерила. Во тој контекст делото ги презема пулсациите на индивидуалниот живот. „Тој начин дава повеќе можности да се перцепира една тема од повеќе аспекти, а исто така да се претстави и во варијации. На пример: композициите најмногу се разликуваат една од друга според различните положби што ги заземаат нивните основни елементи". (Според авторовитве искажувања). Сега, тие чисто ликовни елементи воспоставуваат нови просторни проекции на смислениот однос и редослед, кој означува „преминување од определена симболика во повисок степен". Композицискиот распоред и усогласеноста на линијата, точката и површината — се шират и на духовната расположба и имаат симболични конотации што ја изразуваат заедничката функција.

Во геометриската основа на „мрежата на животот" се одвива трансформацијата на облиците и содржините (подразбирајќи го и светот на анализата на формите) и во воспоставувањето на нивните новопронајдени односи во разновидните димензии на нашата свест. Токму на релацијата: знаковна калиграфија — нејзина вредност, е синтетизирана и сложеноста на авторовиот структурален говор. Содржината и средството се резултат од активната присутност на светот на техниката и „мерливите количества", додека, од друга страна, тој (говорот) изнаоѓа комплементарни облици во емоционално обоените белешки од животот, без многу нарација и бароконост. Новосогледаните и аналитички простудирани релации Николов ги поврзува со светот на симболичната предметност, со инвентивни и интензивни размислувања за „уметноста на живеењето".

Овие мисловни проекции на Николов, формулирани со снажен графички израз, веќе претставуваат и значат цврста основа за неговиот иден уметнички развиток, навестувајќи дека на повидок е добро искристализирано формирање на една инвентивна и талентирана творечка личност.

Викторија Васев Димеска



10



27



1



**НИКОЛОВ ДИМЧЕ,** сликар и графичар

Роден во Битола 1953. Академија за ликовни уметности (1978) и постдипломски студии (оддел за графика, 1980), завршил во Љубљана кај професорот Богдан Борчич.
Адреса: ул. Гоце Делчев бр. 26, Битола

самостојни изложби

1979 Љубљана

групни изложби

1972—1979 Битола, Јубилејни ноемвриски изложби
1973 Никшиќ, 19 младинска сморта на Југославија
1975—1980 Битола, Мајски изложби
1978 Пула, Пулски ликовни успони
Битола, 3 триенале на современата југословенска графика
1979 Љубљана, 60 годишнина на Универзитетот Едвард Кардељ
Загреб, 7 загребска изложба на југословенскиот цртеж
Љубљана, 13 графичко биенале
Сараево, колекција од Уметничката колонија во Почитељ
Белград, 7 изложби на цртежот на младите уметници од Југославија „Светот во кој што живееме"
1980 Загреб, 11 загребска изложба на југословенска графика
Риека, 7 биенале на цртежот
Пореч, 20 анале
Пула, Пулски ликовни успони 80
Белград, Современа македонска графика
Фрахен, 6 графичко биенале
Барцелона, 19 награда на цртежот Жоан Миро
Кјото, меѓународна изложба Jmpast Art
Кореа, I меѓународна изложба на минијатурна графика

**КАТАЛОГ**
**CATALOGUE**

**графики**
**prints**

1. „ПРЕДЕЛ II", 1978
LANDSCAPE II
7/10, бакропис-акватинта
64,5 x 49
сигн. д.д.: Николов 1978

2. „ПРЕДЕЛ III", 1978
LANDSCAPE III
4/10, бакропис-акватинта
64,5 x 49
сигн. д.д.: Николов 1978

3. „ПРЕДЕЛ 4", 1978
LANDSCAPE 4
6/10, бакропис-акватинта
64,5 x 49
сигн. д.д.: Николов 1978

4. „ПРЕДЕЛ XI", 1978
LANDSCAPE XI
5/10, бакропис-акватинта
64,5 x 49

5. „ПРЕДЕЛ 14", 1979
LANDSCAPE 14
2/10, бакропис-аквантинта
64,5 x 49
сигн. д.д.: Николов 1979

6. „ПРЕДЕЛ 16", 1979
LANDSCAPE 16
2/5, бакропис-акватинта
64,5 x 49
сигн. д.д.: Николов
дат. д.л.: 1979

7. „ПРЕДЕЛ 18", 1979
LANDSCAPE 18
бакропис-акватинта
64,5 x 49
сигн. д.д.: Николов 1979

8. „ПРЕДЕЛ 19", 1979
LANDSCAPE 19
4/10, бакропис-акватинта
42 x 76
сигн. д.д.: Николов 1979
сопств: Музеј на современата уметнсст, Скопје

9. „ПРЕДЕЛ 20", 1979
LANDSCAPE 20
6/10, бакропис-акватинта
49 x 64,5
сигн. д.д.: Николов 1979

10. „ПРЕДЕЛ XXI", 1979
LANDSCAPE XXI
6/10, бакропис-акватинта
45 x 64
сигн. д.д.: Николов 1979

11. „ПРЕДЕЛ XXVI", 1979
LANDSCAPE XXVI
3/10, бакропис-акватинта
65 x 75
сигн. д.д.: Николов 1979

12. „ПРЕДЕЛ XXVII", 1979
LANDSCAPE XXVII
6/60, бакропис-акватинта
55 x 75
сигн. д.д.: Николов 1979

13. „ПРЕДЕЛ 15", 1980
LANDSCAPE 15
4/10, бакропис-акватинта
64 x 49
сигн. д.д.: Николов 1980

14. „ПРЕДЕЛ 19", 1980
LANDSCAPE 19
3/10, бакропис-акватинта
49 x 64,5
сигн. д.д.: Николов 1980

15. „ПРЕДЕЛ XXII", 1980
LANDSCAPE XXII
3/10, бакропис-акватинта
32 x 64,5
сигн. д.д.: Николов 1980

16. „ПРЕДЕЛ 25", 1980
LANDSCAPE 25
7/8, бакропис-акватинта
64,5 x 49

17. „ПРЕДЕЛ 30", 1980
LANDSCAPE 30
7/10, бакропис-акватинта
64,5 x 49
сигн. д.д.: Николов 1980

18. „ПРЕДЕЛ 32", 1980
LANDSCAPE 32
2/10, бакропис-акватинта
49 x 64
сигн. д.д.: Николов 1980

19. „ПРЕДЕЛ 34", 1980
LANDSCAPE 34
6/10, бакропис акватинта
64,5 x 49
сигн. д.д.: Николов 1980

цртежи:
drawings:

20. „Ц 1", 1978
јаглен и молив, 100 x 70
сигн. д. сред.: Николов 197

21. „Ц 2", 1978
јаглен и молив, 100 x 70
сигн. д.д.: Николов 1978

22. „Ц 8", 1978
јаглен и молив, 100 x 70
сигн. д.д.: Николов 1978

23. „Ц 6", 1979
јаглен и молив, 100 x 70
сигн. д.д.: Николов 1979

24. „ПРЕДЕЛ 10", 1979
јаглен и молив, 100 x 70
сигн. д.д.: Николов 1979

25. „ПРЕДЕЛ 11", 1979
јаглен и молив, 100 x 70
сигн. д.д.: Николов 1979

26. „ПРЕДЕЛ 18", 1979
јаглен и молив, 100 x 70
сигн. д.д.: Николов 1979

27. „Ц 9", 1980
јаглен и молив, 70 x 100
сигн. д.д.: Николов 1980

сигнатурите се напишани на латиница
all the prints are in atching-aquatint, all the drawings are in graphite and pencil

NE SE PRODAVA

музеј на современата уметност „скопје“ — скопје
museum of contemporary art »skopje« — skopje
22. 04 — 15. 05 1981.

издавач: Музеј на современата уметност „Скопје“ — Скопје

одговорен уредник: Соња Абаџиева-Димитрова

предговор, каталог и организација на изложбата: Викторија Васев Димеска

лектура: Ефтим Манев

фотографии: Блаже Мицевски

ликовно обликување: Димитар Малиданов

печат: графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје

тираж: 300